**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за државни патишта – како предлагач на експропријацијата да му се предаде во владение недвижност која претставува:

1. Земјоделско земјиште КП бр.945/4, КО Охрид 4, со површина од 189 м², запишано во Имотен лист бр.153959, согласно Решение за експропријација УП бр.31-25/2026-2 од 14.5.2026 година на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид;

2. Градежно земјиште КП бр.6440/5, КО Охрид 4, со површина од 65 м², запишано во Имотен лист бр.154142, согласно Решение за експропријација УП бр.31-28/2026-2 од 14.5.2026 година на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид;

3. Земјоделско земјиште КП бр.885/2, КО Охрид 4, со површина од 12 м², КП бр.887/2, КО Охрид 4, со површина од 46 м² и КП бр.887/3, КО Охрид 4, со површина од 18 м², запишани во Имотен лист бр.115789, согласно Решение за експропријација УП бр.31-26/2026-2 од 15.5.2026 година на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид;

4. Земјоделско земјиште дел од КП бр.945/3, КО Охрид 4, со површина од 91 м², запишано во Имотен лист бр.148285, согласно Решение за експропријација УП бр.31-27/2026-2 од 15.5.2026 година на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид;

5. Земјоделско земјиште КП бр.1470/1, КО Требеништа, со површина од 348 м², запишано во Имотен лист бр.718, согласно Решение за експропријација УП бр.30-368/2025-5 од 10.6.2026 година на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид;

6. Земјоделско земјиште дел од КП бр.627/1, КО Ботун, со површина од 111 м², запишано во Имотен лист бр.11715, согласно Решение за експропријација УП бр.31-36/2026-3 од 22.6.2026 година на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид и

7. Земјоделско земјиште дел од КП бр.630, КО Ботун, со површина од 80 м², запишано во Имотен лист бр.255, согласно Решение за експропријација УП бр.31-34/2026-2 од 22.6.2026 година на Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Охрид,

за изградба на Коридор 8, делница Кичево - Охрид.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 57-5526/7
7 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**2207.**

Врз основа на член 27 став (3) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21, 111/23, 208/24 и 258/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 јули 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ЗАРАДИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА**

1. Со оваа одлука се прифаќа Иницијативата за експропријација на земјиште во приватна сопственост заради реализација на јавен интерес од значење за Република Северна Македонија за изградба на објект од областа на енергетиката „Ветерен парк ДРЕН“ на територијата на Општина Демир Капија и Општина Гевгелија, доставена од Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, од 30.6.2026 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-5604/6
7 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

**2208.**

Врз основа на член 21 став (3) од Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25), министерот за економија и труд донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА И ПОДАТОЦИТЕ СОДРЖАНИ ВО ИСТАТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција на работно ангажираните лица и податоците содржани во истата (во натамошниот текст: евиденцијата).

Член 2

(1) Евиденцијата се води во електронска форма.
(2) Евиденцијата содржи податоци за:
а) работодавачот
1. Матичен број на граѓанинот;
2. Единствен даночен број;
3. Назив на работодавачот;
4. Адреса на седиште на работодавачот;
5. Дејност на работодавачот;
6. Категорија на работодавачот;
7. Назив на деловната единица;
8. Реден број на деловната единица и
9. Седиште на деловната единица (адреса).
б) работно ангажираното лице
1. Матичен број на граѓанинот;
2. Презиме на лицето;

3. Име на лицето;
4. Ден, месец и година на раѓање;
5. Пол;
6. Живеалиште и адреса;
7. Припадност на заедниците;
8. Степен и вид на завршено образование и
9. Категорија на ангажираното лице.
в) условите и начинот на работното ангажирање
1. Работата е од повремена или сезонска природа;
2. Вид на работа;
3. Начин на работното ангажирање;
4. Број на часови дневно;
5. Место на работното ангажирање (адреса);
6. Нето-паричен износ по час: денари;
7. Нето-паричен износ по ден: денари и
8. Нето-паричен износ за ангажманот: денари.
г) почетокот и престанокот на работното ангажирање
1. Датум/и на пријава на работното ангажирање;
2. Датум/и на одјава од работното ангажирање и
3. Основ за престанок на работното ангажирање.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-4055/1
3 јули 2026 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

---

Në bazë të nenit 21 paragrafi (3) të Ligjit për angazhimin e personave me punë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 104/25), Ministri i Ekonomisë dhe Punës solli:

**R R E G U L L O R E**
**PËR MËNYRËN E MBAJTJES SË EVIDENCËS PËR ANGAZHIMIN E PERSONAVE ME PUNË DHE TË DHËNAT E PËRFSHIRA NË TË**

Neni 1

Me këtë rregullore përcaktohet mënyra e mbajtjes së evidencës për personat e angazhuar me punë dhe të dhënat e përfshira në të (në tekstin e mëtejmë: evidenca).

Neni 2

(1) Evidenca mbahet në formë elektronike.
(2) Evidenca përmban të dhëna për:
a) punëdhënësin
1.Numri amë i qytetarit;
2. Numri unik tatimor;
3. Emërtimi i punëdhënësit;
4. Adresa e selisë së punëdhënësit;
5. Veprimtaria e punëdhënësit;
6. Kategoria e punëdhënësit;
7. Emërtimi i njësisë afariste;
8. Numri rendor i njësisë afariste; dhe
9. Selia e njësisë afariste (adresa).
b) personi i angazhuar me punë
1. Numri amë i qytetarit;
2. Mbiemri i personit;
3. Emri i personit;
4.Dita, muaji dhe viti i lindjes;
5.Gjinia;
6.Vendbanimi dhe adresa;
7.Përkatësia ndaj komunitetit;
8.Niveli dhe lloji i arsimit të përfunduar; dhe
9. Kategoria e personit të angazhuar.
c) kushtet dhe mënyra e angazhimit me punë
1. Puna është me natyrë të përkohshme ose sezonale;
2. Lloji i punës;
3. Mënyra e angazhimit me punë;
4. Numri i orëve në ditë;
5.Vendi i angazhimit me punë (adresa);
6. Shuma neto për orë: ______ denarë;
7. Shuma neto për ditë: ______ denarë; dhe
8. Shuma neto për angazhimin: ______ denarë.
d) fillimi dhe përfundimi i angazhimit me punë
1. Data/t e lajmërimit të angazhimit me punë;
2. Data/t e çlajmërimit nga angazhimi me punë; dhe
3. Baza për përfundimin e angazhimit me punë.

Neni 3

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e publikimit në “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

Nr. 12-4055/1
3.7.2026
Shkup

Ministri i Ekonomisë dhe Punës,
**Besar Durmishi**, d.v.

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2209.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Гоце Наумовски, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија, член 72 алинеја 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/2024) на седницата одржана на 17 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за промена на имињата на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во Општина Тетово („Службен гласник на Општина Тетово“ бр. 25/2007 од 26.04.2007 година).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, по повод поднесена иницијатива од Општинската организација на сојузот на борци од Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи Тетово од Тетово, на седницата одржана на 4 март 2026 година, донесе Решение УЗ.бр.10/2025 со кое поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во диспозитивот на оваа одлука.

Ова од причина што основано се постави прашањето за неговата согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот и со одредби од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

II

На седницата Судот утврди дека Одлуката за определување и промена на имињата на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во Општина Тетово, бр. 07-766/4 од 24.04.2007 година, е донесена на 25-та седница на Советот на Општина Тетово одржа-